SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans

smartbalkansproject.org
info.mkd@smartbalkansproject.org

# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ВО РАМКИТЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК ЗА НАЦИОНАЛНИ ИНТЕРВЕНЦИИ ЗА С. МАКЕДОНИЈА

**Референтен број: SB MKD NI-2 01/24**

1. Дали проектниот тим, во моментот на поднесување на апликацијата, задолжително треба да биде веќе вработен во организацијата или може да биде ангажиран со Договор за дело, па со склучување на Договорот за грант да се трансформира нивниот ангажман во вработување?

- Проектниот тим не е неопходно да биде вработен во организацијата во периодот на поднесувањето на апликацијата, но во текот на спроведување на проектот мора да биде вработен со Договор за вработување.

2. Во врска со критериумот за вработување, дали доколку организацијата во моментот на аплицирање нема вработени со дог. за вработување (а има со договори за дело), дали е прифатливо откако се добие потврда за добивање на проект тогаш да се ангажира пр. координаторот на проектот со договор за вработување на определено време?

- Проектниот тим не е задолжително да биде вработен со Договор за вработување во периодот пред добивање на грантот. Сите членови на проектниот тим мора да се вработени со Договор за вработување во периодот на спроведување на проектот.

3. Дали бидејќи не се прифатливи трошоци за печатени промотивни материјали е прифатлив трошок за нивна електронска обработка (графичка ел. обработка и подготовка на студии и анализи на пример) за електронско објавување?

- Сите трошоци кои се оправдани за реализација на активностите, се добро образложени и неопходни, а при тоа се почитуваат принципите на економичност, ефикасност и ефективност се подобни.

4. Во процес на спроведување на активности како на пример 1) подготовка на електронска анкета (на cloud based survey platform) како и исто така 2) промоција на социјални мрежи плаќањето е на странски добавувачи (пр. survey monkey, facebook, итн.) потврдите (фактури) се во странска валута, какво решение е прифатливо имајќи предвид дека е наведено фактури во странски валути не се прифатливи?

- Основна валута во која ќе се потпише договорот и ќе се известува е НОК, по курс кој ќе биде соопштен на почетокот на проектот. За потребите на овој проект потребно е да отворите посебна наменска сметка во денари, од која ќе се вршат сите исплати за потребите на проектот. Сите активности треба

да се спроведат на територијата на РС Македонија и очекувано е добавувачите да издадат фактури/договори или друг документ со кој се оправдува обврска во денари. Следствено, сите исплати мора да се вршат во денари.

5. Во врска со повикот за грантови ако може да ни појасните, дали потребно/препорачливо да се соработува, односно партнерство со организација од регионот и дали активностите треба да бидат спроведени само во РСМ или и во други земји од регионот?

- Повикот е наменет за организации кои се регистрирани во С. Македонија и сите проектни активности треба да се имплементираат на територијата на земјата. Не е дозволено формирање на партнерства. Ве молиме имајте во предвид дека аплицирањето го врши само една организација

6. Кој трошоци спаѓаат во индиректни трошоци?

- Сите трошоци кои не може директно да се поврзат со реализација на проектните активности, а се неопходни за реализација на активностите и не се наведени во другите буџетски линии се индиректни трошоци.

7. Во неприфатливи трошоци, ви спаѓаат договор на дело за проектниот тим. На каков начин ќе се исплаќаат вклучените луѓе од организацијата во реализација на проектот?

- Трошоците за потребите на проектот потребно е да бидат поделени по буџетски линии, како што е презентирано во формуларот на буџетот. Во делот кој се однесува на човечки ресурси подобни трошоци се само дел од плати од лица кои се вработени кај апликантот. Во рамките на овој повик, во ниту еден случај, лица кои се вработени кај апликантот не може да бидат ангажирани со договор на дело. Лица кои не се вработени од апликантот, а се неопходни за реализација на активностите, може да бидат ангажирани како експерти.

8. Во насоките за подготовка на буџетот, сте напишале дека проектниот тим мора да биде вработен со Договор за вработување. Сите проекти што сме ги организирале до сега, вработените кој биле ангажирани од наша страна сме ги исплаќале со хонорарни договори. Како може непрофитна организација да вработува луѓе (експерти) ?

- Експертите може да бидат ангажирани со договор на дело или договор на авторско дело. Сите трошоци мора да бидат неопходни за извршување на активностите кои се планирани со проектот. Во рамките на овој повик, во ниту еден случај, лица кои се вработени кај апликантот не може да бидат ангажирани со договор на дело. Лица кои не се вработени од апликантот, а се неопходни за реализација на активностите, може да бидат ангажирани како експерти.

9. Дали јавна институција може да виде формален партнер или соработник (во двете случаи без финансиски импликации) во предлог доставен во рамки на повикот?

- За овој повик, не е дозволено формирање на партнерства. Ве молиме имајте во предвид дека аплицирањето го врши само една организација.

10. Дали е ограничено само невладини организации да аплицираат или може едукативен центар или други центри за професионален развој и слично, што се регистрирани и функционираат во слична област во нашата држава?

- Како што е наведено во документот Анекс 1: Насоки за аплицирање, за да аплицира, апликантот мора:
    - Да биде граѓанска организација (Регистрирана според Законот за здруженија и фондации) која работи на една или повеќе тематски области кои се релевантни за овој повик, со исклучок на политички, верски и религиозни организации, како и локални претставништва на меѓународни организации;
    - Да е основана во С. Македонија; и
    - Да биде директно одговорна за подготовка и имплементација на проектот, односно да не е посредник при проектната имплементација.

11. Прашањето се однесува на сторгиот услов да вработувње на проектниот тим.

- Проектниот тим мора да биде вработен со Договор за вработување за времетраењето на проектот.

12. Дали вработен/ангажиран на друг тип на грант во рамките на СМАРТ Балкан проектот, може да биде вработен/ангажиран и во овој тип на грантови?

- Вработените кои ќе бидат вклучени во имплементацијата на проектните активности, задолжително треба да бидат вработени со Договор за вработување. Процентот на ангажман на овој проект се докажува со табела на временски ангажман (time sheet).

13. Дали организацијата е подобна за аплицирање на повикот доколку и организацијата и партнер организацијата се корисници на други типови на грантови од СМАРТ Балкан?

- За овој повик, не е дозволено формирање на партнерства. Ве молиме имајте во предвид дека аплицирањето го врши само една организација која не е дозволено да има два тековни проекти од СМАРТ Балкан од иста грантова линија.

14. Проектниот тим мора да биде вработен со Договор за вработување. Дали тоа значи дека не може да се ангажираат лица со договор за дело?

- Целта на проектот СМАРТ Балкан е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации, поради што лицата кои ќе бидат вклучени во имплементацијата на проектните активности, задолжително треба да бидат вработени со Договор за вработување.

15. Дали проектот е ослободен од ДДВ трошкови?

- Да, проектот е ослободен од ДДВ во Р.С. Македонија.

16. Што доколку лицето е веќе вработено со полно работно време кај друг работодавач, но ќе биде дел од проектниот тим како активен член на организацијата?

- Доколку лицето е веќе вработено кај со полно работно време кај друг работодавач, може да биде вклучено како експерт во спроведување на проектните активности.

17. Колкав е максималниот процент од вкупниот грант во делот на бруто плати за вработените?

- Нема точно одреден процент во буџетот наменет за човечки ресурси .
Се препорачува да постои баланс помеѓу категориите и да се следат некои од веќе установените практики.

18. Дали е одреден бројот на вработени во проектниот тим или може да има еден вработен и експерт со договор за дело.

- Бројот на вработени како и бројот на експерти кои ќе ги ангажирате за спроведување на проектните активности, ги одредуваате сами.

19. Колку изнесува максималниот процент од буџетот наменет за проектен менаџмент?

- Нема точно одреден процент во буџетот кој е наменет за патувања, специфични трошоци и оперативни трошоци. Се препорачува да постои баланс помеѓу категориите и да се следат некои од веќе установените практитки.

20. Колку изнесува максималниот процент од буџетот наменет за опрема?

- Нема точно одреден процент во буџетот кој е наменет за набавка на опремаСе препорачува да постои баланс помеѓу категориите и да се следат некои од веќе установените практитки.

21. Дали проектот е ослободен од 18% ДДВ во С. Македонија? Дали може да се поднесе во СЕП?

- Да, проектот е ослободен од ДДВ во С. Македонија.

22. Кој е оптималниот буџет на проектот наменет за човечки ресурси

- Нема точно одреден процент во буџетот кој е наменет за човечки ресурси. Важно е да ги знаете најдобрите практики кои ги фаворизираат донаторите во вашите држави и да подготвите реален буџет за сите активности, со баланс помеѓу проектните активности и буџетот наменет за човечки ресусрси.

23. Дали постои лимит во однос на тендерски постапки поврзани со набавка на опрема и услуги?

- Лимитот се одредува во согласност со вашите интерни процедури и упатството во Анекс 1 – Насоки во делот за прифатливи и неприфатливи трошоци.

24. Дали е потребно во проектот да се вклучат земјите партнери на проектот СМАРТ Балкан?Колкав процент од буџетот треба да им се додели на другите држави и дали тие треба да бидат дел од буџетот воопшто?

- Не. Не е потребно формирање на партнерства. Вие аплицирате само како една организација. Не. Проектот треба да се имплементира исклучиво на национално/локално ниво. Буџетот треба да се фокусира само на локални/национални активности.

25. Дали е потребно Изјавата да биде заверена на нотар или само потпишана од страна на апликантот?

- Изјавата треба да биде потпишана од апликантот.

26. Дали ГО кои се веќе регистрирани на Платформата (поради аплицирање на јавните повици во 2022) треба повторно да се регистрираат?

- Не. Организациите треба само еднаш да се регистрираат на Платформата. Сепак, потребно е да ги ажурирате документите кои се однесуваат на 2023 година, како годишен наративен и финасиски извештај.

27. На кој јазик треба да бидат документите кои ги прикачуваме на Платформата при регистрација, на мајчин јазик или преведени на англиски?

- Документите кои ги прикачуваме на Платформата треба да бидат на матичен јазик.

28. Дали за проектот е потребна ревизија и дали истата ставка треба да биде вклучена во буџетот?

- Не. Трошоци за ревизија не треба да бидат вклучени во буџетот.

29. Дали може поконкретно да го дефинирате елементот на додадена вредност на иновација?

- Додадената вредност значи нешто што дополнително ќе го зголеми бенефитот на целната група или на корисниците. Иновацијата се однесува на пристапот кој оди подалеку од стандардниот дизајн и системи во спроведувањето на некоја акција/активност со што се зголемуваат придобивките на целната група/корисници.

30. Дали проектот мора да биде базиран на релевантна стратегија и политика? Дали мораме да се врзуваме за одредени документи или можеме да бидеме флексибилни?

- Не е неопходно, иако СМАРТ Балкан поттикнува соработка со локалните власти и приедонес кон нивните стратегии, акциони планови итн.

31. Како е препорачливо да се пресмета буџетот? Да се предложи конкретен буџет или согласно секоја од активностите да се одреди висината на буџетот?

- Вкупни суми треба да се избегнуваат. Сумите треба да се расчленат по буџетски линии.

32. Кои се приоритетните области за овој повик?

- Во продолжение е тематската листа која ги содржи приоритетните области за овој повик за Национални интервенции:

<u>Безбедност и стабилност</u>
- Меѓукултурен дијалог, социјална кохезија, помирување и градење мир;
- Енергетска безбедност;
- Владеење на правото и основни вредности.

<u>Управување</u>
- Граѓанско учество во процесот на донесување одлуки;
- Евроатлантска интеграција;
- Дигитализација и зелена транзиција;
- Човекови права и родова еднаквост.

33. На што поточно се однесува темата енергетска безбедност?

- Енергетската безбедност се однесува на намалување на потрошувачката на енергија и промоција на одржливи практики согласно препораките на ЕУ, поддршка на стратегии за декарбонизација, подобрување на енергетската ефикасност и квалитетот на воздухот, поттикнување на иновации во обновливи извори на енергија и слично.

34. На што поточно се однесува темата човекови права и родова еднаквост?

- Човековите права и родовата еднаквост се однесуваат на зајакнување на маргинализираните заедници преку економски можности и програми за развој, подобрување на пристапот до образование и стручна обука, поддршка на политики кои спречуваат дискриминација врз основа на род и ЛГБТИ+ права во согласност со стандардите на ЕУ, застапување за еднакво учество на жени и ЛГБТИ+ лица во процесите на одлучување, промоција на социјална инклузија и свесност преку заеднички активности, имплементација на мерки за борба против дискриминација и обезбедување еднакви можности за сите и слично.